Напишано од Администратор

Понеделник, 07 Јуни 2010 20:04 - Последна промена Петок, 19 Октомври 2012 20:43



Оваа 2010 година ке биде запаметена по исклучително дождливата пролет и релативно ниските температури но и како Роевска година.  Поголемиот дел од пчелините семејства на пчеларникот формираа роевски матичници и доколку навреме не се интервенира голем дел од пчелите ќе се изројат.Интересно што кошниците се полни со легло дури и на последните рамови а мед скоро да немаат. Веројатно тоа е една од причините за ваквиот нагон за роење.Со подобрување на времето се очекува пообилна нектарна паша пред се од ливадата за да се наполнат кошниците со мед.Со дополнителни информации ке се јавиме во почетокот на Јули!